Објавен 198

ISSN 0350-6711

# просветно дело

5
2006

* СЕМЕЈНА ПЕДАГОГИЈА
* ПРЕДУЧИЛИШНА ПЕДАГОГИЈА
* УЧИЛИШНА ПЕДАГОГИЈА
* ДИДАКТИКА
* ПСИХОЛОГИЈА
* МЕТОДИКА
* НАСТАВНА ПРАКТИКА
* ПРИКАЗ

СПИСАНИЕ ЗА ПЕДАГОШКИ ПРАШАЊА

ОСПОСОБЕНОСТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ • ТРАНЗИЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ И ДЕЦАТА • ПАРТНЕРСТВОТО ПОМЕЃУ РОДИТЕЛИТЕ И ДЕЦАТА • УЧЕЊЕ НИЗ ПРОЕКТИ • РАЗВИВАЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ВОЉА • ДРОГАТА - НЕПРИЈАТЕЛ НА МЛАДИТЕ • ПРОГРАМИРАНАТА НАСТАВА И НЕЈЗИНАТА АПЛИКАЦИЈА • ПРОЦЕНУВАЊЕ НА РЕЛИЈАБИЛНОСТА НА ТЕСТОТ ПО ГЕОГРАФИЈА ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ СПОРЕД ПОСТАПКАТА НА Ц. ХОЈТ • СОБИРАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА БРОЕВИТЕ ДО 10 • ИНОВАТИВНИ АСПЕКТИ НА КОНЦЕПИРАЊЕ УЧЕБНИК ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОДГОТВИТЕЛНА ГОДИНА И ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА • ПЕДАГОШКАТА ФУНКЦИЈА НА ОДДЕЛЕНСКИОТ-КЛАСНИОТ ЧАС • СЕМЕЈНОТО ВОСПИТАНИЕ И СОЦИЈАЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА ДЕЦАТА • АНАЛИТИЧКИ СТУДИИ И ОПСЕРВАЦИИ ЗА ЛИТЕРАТУРАТА ЗА ДЕЦА ОД ДР. МИТО СПАСЕВСКИ

**просветно дело**

Скопје, ноември - декември 2006 год.
Година LIX Бр. 5

ISSN 0350-6711

**Издава:** ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ, УЧИЛИШНИТЕ И ДОМСКИТЕ ПЕДАГОЗИ И АД „ПРОСВЕТНО ДЕЛО" - СКОПЈЕ

Редакција
**д-р Никола Петров, м-р Павле Петров, Кирил Ристевски и Ѓорѓи Илиевски**

Главен уредник
**д-р Никола Петров**

Секретар на редакцијата
**проф. Ѓорѓи Зимбаков**

Лектор и коректор
**проф. Ѓорѓи Зимбаков**

Технички уредник
**Новко Груевски**

СОДРЖИНА

**др. Радмила Николиќ** - Оспособеноста на наставниците за идентификација на талентираните ученици 3

**др. Никола Петров** - Транзициските процеси и децата 11

СЕМЕЈНА ПЕДАГОГИЈА

**Наташа Здравковска - Стојановска** - Партнерството помеѓу родителите и децата 16

ПРЕДУЧИЛИШНА ПЕДАГОГИЈА

**Доц. Татјана Котева-Мојсовска** - Учење низ проекти 19

УЧИЛИШНА ПЕДАГОГИЈА

**проф. Божидар Јовиќ** - Развивање на педагошката волја 27

**Ристо Пранговски, Билјана Ефремоска** - Дрогата непријател на младите 32

ДИДАКТИКА

**м-р Цветанка Митревска** - Програмираната настава и нејзината апликација 65

ПСИХОЛОГИЈА

**Милован Србиноски** - Проценување на релијабилноста на тестот по географија за V одделение според постапката на Ц. Хојт 76

МЕТОДИКА

**д-р Весна Макашевска** - Собирање и одземање на броевите до 10 85

**Нела Радевска** - Иновативни аспекти на конципирање учебник по музичко образование во подготвителна година и одделенска настава 96

НАСТАВНА ПРАКТИКА

**Раско Лозаноски** - Педагошката функција на одделенскиот-класниот час 102

ПРИКАЗ

**д-р Сузана Никодиновка-Банчотовска** - Семејното воспитание и социјалното однесување на децата 109

**д-р Стана Смиљковиќ** - Аналитички студии и опсервации за литература за деца 112

Редакција ул. Димитрија Чуповски 15 Скопје
Ракописите не се враќаат

**просветно дело**

Проф. д-р Радмила НИКОЛИЌ, Учителски факултет - Ужице

# ОСПОСОБЕНОСТА НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ УЧЕНИЦИ

**Аспект:** Талентот како феномен претставува многу сложена особина која го привлекува вниманието на многу автори, поради што постојат и различни сфаќања за овој феномен. Само правилното и целосното осознавање на природата, структурата и појавните облици на талентираноста овозможува и соодветен третман на учениците кои можат повеќе, подобро и поинаку од останатите. Наставникот како најодговорен, покрај родителите, за развој на потенцијалите на ученикот до неговиот можен максимум, исправен е пред многу сложена и тешка задача - навремено да реагира на соодветен начин на потребите на потенцијално талентираните ученици. Наставникот тоа ќе го оствари доколку е во доволен степен и тој оспособен за работа со оваа категорија на ученици. Практиката говори дека таа оспособеност е недоволна заради што честопати настануваат и грешки најпрво при препознавањето, а потоа и во третманот и во понатамошната педагошка работа со овие ученици.

**Клучни зборови:** *талентираност, идентификација, наставник, оспособеност, ученик, основно училиште.*

Кога зборуваме за образованието од гледиште на развојот на личноста, односно за индивидуалниот развој на секој поединец, тогаш основната вистина е дека тоа првично е поврзано со учењето за поттикнување и мотивација на сопствената активност, без која тој процес е осуден на неуспех. Во врска со тоа треба да се нагласат соодветните воспитни влијанија, како и фактите дека само некои се ефикасни и успешни, а тоа во прв ред се оние кои ја поттикнуваат личноста на сопствена активност.

Училиштето како масовен облик на организирана педагошка работа и учење е еден од најзначајните фактори кои влијаат врз индивидуалниот,па и на социјалниот развој на цели генерации. Од тука произлегува и неговата одговорна задача за социо-културна интеграција на новите генераци. Работата на учениците во училиштето и нивните постигања условени се од бројни и многу значајни фактори, меѓу кои од посебна важност се оние кои насочени кон поттикнување на рзавојот на личноста на ученикот. Учењето како